РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 02-739/1
24-01-2025 20 ___ год. / viti

Друштво за градежништво, производство и услуги
АРХИТЕКТОН ДИЗАЈН ДООЕЛ
Бр. 02-07/1
29.01 20 25 год.
Битола

Анекс на Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над адаптација на објект Дом за доенчиња во детска градинка во Општина Битола со архивски број 02-3374/16 од 30.06.2023 година и архивски број 03-36/1 од 04.07.2023 година

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади** со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, во понатамошниот текст, „Договорен орган" од една страна, и
2. **Друштво за градежништво, производство и услуги АРХИТЕКТОН ДИЗАЈН ДОО Битола,** ЕМБС 6210708 со седиште на ул. Митрополитска Бр.12, Битола, претставувано од управителот Марија Милинг-Стојановска (во понатамошен текст Носител на набавката) од друга страна.

Член 1

Договорните страни го склучуваат овој Договор за изменување и дополнување на основниот договор врз основа на член 22 од Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над адаптација на објект Дом за доенчиња во детска градинка во Општина Битола со арх. број 02-3374/16 од 30.06.2023 година заверен кај Договорниот орган и арх. број 03-36/1 од 04.07.2023 година заверен кај Носителот на набавката и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија 24/19 и Службен весник на Република Северна Македонија 87/2021).

Член 2

Предмет на овој Договор за изменување и дополнување на основниот договор е изменување на одредбите за вредноста на Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над адаптација на објект Дом за доенчиња во детска градинка во Општина Битола.

Член 3

Од причини што договорот ќе биде финансиски исцрпен, овој Договор за изменување и дополнување на основниот договор за услуги за вршење на стручен надзор над адаптација на објект Дом за доенчиња во детска градинка во Општина Битола со арх. број 02-3374/16 од 30.06.2023 година заверен кај Договорниот орган и арх. број 03-36/1 од 04.07.2023 година заверен кај Носителот на набавката се склучува во времетраењето на основниот договор по претходно доставено барање од лицето одговорно за следење на реализацијата на договорот со арх. број 10-515/2 од 16.01.2025 година и по претходно доставено барање од Носителот на набавката со арх. број 03-08/1 од 16.01.2025 година заверено кај Носителот на набавка и арх. број 10 – 515/1 од 16.01.2025 година заверено кај МСПДМ.

Член 4

Во овој Договор за изменување и дополнување на основниот договор за услуги за вршење на стручен надзор над адаптација на објект Дом за доенчиња во детска градинка во Општина Битола вкупната вредност на основниот договор ќе биде зголемена поради тоа

што вредноста на Договорот за изведување на градежни работи за адаптација на објект Дом за доенчиња во детска градинка во Општина Битола е зголемена со Анекс на основниот договор заверен со арх. број 02-2894/22 од 01.12.2022 година, арх. број 03-55/4 од 22.11.2023 година заведен кај Носителот на набавка и арх. број 08-906/3 од 17.11.2023 година и со Анекс на основниот договор заверен со арх. број 02-4029/4 од 22.07.2024 година, арх. број 03-40/1 од 22.07.2024 година заведен кај Носителот на набавка и арх. број 08-906/6 од 22.07.2024 година.

Член 5

Член 3 став 2 од основниот договор се менува и гласи:

„ Вкупната вредност на овој договор не може да надмине износ од 182.972,53 денари без пресметан данок на додадена вредност, ДДВ 32.935,05 денари односно 215.908,00 денари со пресметан данок на додадена вредност".

Член 6

Согласно член 9 од основниот Договор, поради зголемена вредност на договорот, Носителот на набавката е должен соодветно да ја зголеми вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од вкупната вредност на Договорот.

Член 7

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

Член 8

Овој Договор за изменување и дополнување на основниот договор за услуги за вршење на стручен надзор над адаптација на објект Дом за доенчиња во детска градинка во Општина Битола со арх. број 02-3374/16 од 30.06.2023 година заверен кај Договорниот орган и арх. број 03-36/1 од 04.07.2023 година заверен кај Носителот на набавката; влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 79

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Министер,
Fatmir limani

Управител,
Марија Милинг-Стојановска

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник
Согласен: Сашка Павковиќ, Раководител на одделение
Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор
Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар